ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 055
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

11-5720/1
03-04-2014

Од: Фонд за здравствено осигурување на Македонија

До: ЈЗУ/ПЗУ________________________________________________
специјалисти/субспецијалисти_______________________________

**Предмет**: Задолжение за специјалисти/субспецијалисти вработени во ЈЗУ/ПЗУ.

Почитувани,

Се задолжуваат лекарите специјалисти/субспецијалисти вработени во приватни и јавни здравствени установи кои имаат склучено Договор со Фондот за здравствено осигурување на Македонија за пружање и извршување на здравствени услуги на товар на Фондот, а обавуваат дејност од специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита, за следното:

1. При издавањето препорака на лек за лекување на осигурените лица со лекови од „Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ" да се придржуваат на индикациите за лекот кои се утврдени во „Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ". Доколку лекарот специјалист/субспецијалист препорачува лек кој е на товар на ФЗОМ за индикација која не е предвидена во Листата, но според неговото стручно мислење смета дека осигуреникот треба да го прима истиот, може да го препорача исклучиво приватно (пропишан на розев рецепт) и да му образложи на пациентот за бенефитот од лекот. Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот се објавува во (Службен весник на РМ, бр.102 од 2007 г. и сите нејзини измени). „Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ" е објавена на официјалната web страна на Фондот:

www.fzo.org.mk → лекови

2. При издавањето на препораки за потреба од ортопедски и други помагала како и при издавањето на потврдите за потреба од ортопедски помагала да се придржуваат до шифрите на помагалата, називот на помагалото, количината како и индикационите подрачја и дијагнозите наведени во Правилникот за индикации за остварување на право на ортопедски и други помагала и Списокот за ортопедски и други помагала. (Сл. весник 33/2011 година и сите негови измени). Правилникот и измените на Правилникот можат да ги најдат на официјалната web страна на Фондот:

www.fzo.org.mk → законска регулатива → правилници → правилник за индикации за остварување на право на ортопедски и други помагала

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 055
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

3. При издавањето на препорака за привремена спреченост за работа, согласно Правилникот за начинот, постапките и поблиските критериуми за утврдување на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или потреба за нега на болен член од семејството и за времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата (член 10), лекарите специјалисти и субспецијалисти се должни да се придржуваат до Правилникот и неговите измени, како и до Критериумите за дијагностички постапки и оценка на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или потребата за нега на болен член од семејството.
Имено, во Критериумите за дијагностички постапки и оценка на привремена спреченост за работа поради болест и повреда, дефинирани се дијагностички постапки и процедури кои се неопходни да се извршат при издавање на препорака за привремена спреченост за работа.
Исто така дефинирана е и временската рамка односно времетраењето на привремената спреченост за работа за соодветното заболување или здравствена состојба. За привремена спреченост за работа над 60 дена согласно со временската рамка на критериумите како и во случаи кога според стручното мислење на специјалистот/субспецијалистот, објективната спреченост за работа ја надминува временската рамка, потребно е да се издаде Конзилијарно мислење за продолжување на привремената спреченост за работа. Во Конзилијарното мислење задолжително треба да се назначи основот на издавање на конзилијарното мислење како и образложение за причината за привремената спреченост за работа.
Правилникот, Критериумите и нивните измени се објавени на официјалната web страна:

www.fzo.org.mk → законска регулатива → правилници → правилник за привремена спреченост за работа

**Согласно договорот кој го имате потпишано со Фондот за здравствено осигурување на Македонија, за здравствената установа предвидени се договорни казни доколку не се почитува горенаведеното задолжување и тоа:**

- Доколку лекар на осигурените лица не препорачува лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот.
  Лекарот при препорачувањето на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот е должен да ги почитува максимално дозволените количини согласно медицина базирана на докази
- Доколку при препорака за оцена на привремена спреченост за работа лекарот специјалист не се придржува кон Правилникот и Критериумите за дијагностичките постапки и оцена на привремената спреченост за работа поради болест и повреди ли потребата за нега на болен член од потесното семејство;
- Доколку лекарот дава препорака или издаде потврда за ортопедско и друго помагало спротивно на одредбите од Правилникот за индикации за остварување на право на ортопедски помагала.

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 055
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

- Доколку здравствената установа не го извести Фондот за постапката која ја има преземено против лекарот и другите одговорни лица за кои Фондот има утврдено неправилности во делот на издавањето на потврда за потреба од ортопедско помагало, препорака за користење на лек, односно неправилното издавање на препорака за боледување.

Со почит,

**Директор**
М-р Маја Парнарџиева Змејкова

**Директор**
Џемали Мехази
Xhemali Mehazi

Изготвил: д-р Весна Дамеска
д-р Ана Филиповска
д-р Даниела Каркински
Одобрил: По овластување број 04-2385/1 од 06.02.2014 година
Раководител на Одделение за мобилна и дежурна контрола д-р Лила Коџоман
По овластување бр. 04-2388/1 од 06.02.2014 година
Раководител на Одделение за контрола д-р Амела Цана
По овластување бр. 04-2383/1 од 06.02.2014 година
Раководител на Одделение за внтрешна контрола д-р Вера Митровска
Бранко Аџигогов
Кристина Христова
Даниела Јовчевска Ѓуровска

Копија до : - Лекарска комора
- ЗПЛРМ
- ПС______________